**Република Македонија**
**Државна изборна комисија**

Врз основа на член 21 став 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15 и 35/16) Државната изборна комисија на 27.04.2016 година, го донесе следното

# УПАТСТВО

## ЗА ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 21 СТАВ (2) и (3) ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ.ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ ВО ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ И ИЗБИРАЧКИТЕ ОДБОРИ

Државната изборна комисија за спроведување на член 21 став (2) од Изборниот законик, во општините во кои живеат најмалку 20% од граѓаните припадници на другите заедници каде се одразува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници, изборот ќе го врши по национална припадност според Пописот на населението од 2002 година, на следниот начин:

Во општините во кои живеат од 20 % до 50 % граѓани припадници на другите заедници, се одразува принципот на соодветна и правична застапеност на тие заедници, при изборот на избирачките одбори во соодветната општина се избираат 2 (два) члена, согласно член 38 став 4 од Изборниот законик;

Во општините во кои живеат од 50 % до 70 % граѓани припадници на другите заедници, се одразува принципот на соодветна и правична застапеност на тие заедници, при изборот на избирачките одбори во соодветната општина се избираат 3 (три) члена, согласно член 38 став 4 од Изборниот законик;

Во општините во кои живеат од 70 % и повеќе граѓани припадници на другите заедници, се одразува принципот на соодветна и правична застапеност на тие заедници, при изборот на избирачките одбори во соодветната општина се избираат 4 (четири) члена, согласно член 38 став 4 од Изборниот законик.

Случајниот избор на Претседателот, членовите и нивните заменици на избирачките одбори во соодветните општини започнува со избор од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје, припадници на мнозинската етничка заедница, при што избраниот е Претседател на Избирачкиот одбор. Потоа се преминува кон избор на Заменик на претседателот на Избирачкиот одбор кој е од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје, припадник на заедницата која не е во мнозинство во соодветната општина за која се врши изборот,

Изборот продолжува со избор на членовите на Избирачкиот одбор и нивните заменици, при што се почнува од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје, припадници на мнозинската етничка заедница во соодветната општина за која се врши изборот и се избираат онолку лица колку што е потребно за исполнување на принципот на соодветна и правична застапеност, а прво избраните се членови на Избирачкиот одбор додека останатите се нивни заменици. Избирачкиот одбор се комплетира со членови и нивните заменици од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје, припадници на заедницата која не е во мнозинство во соодветната општина за која се врши изборот, а прво избраните се членови на Избирачкиот одбор додека останатите се нивни заменици.

Државната изборна комисија за спроведување на член 21 став (3) од Изборниот законик, а со цел застапеноста на секој пол во составот на избирачките одбори од најмалку 30 %, ќе го врши на следниот начин:

Во вкупниот состав на Избирачкиот одбор (членовите и нивните заменици кои ги именува Општинската изборна комисија во согласност со член 38 став 4), при спроведувањето на одредбата од Изборниот законик за учество на секој пол со 30 % произлегува дека во Избирачкиот одбор треба да има најмалку 2 (двајца) вработени во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје, припадници на спротивниот пол.

Заедно со изборот на претседател, членови и нивни заменици во избирачките одбори, се врши и избор на резервна листа од 2 (двајца) вработени во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје, за секој избирачки одбор.

Во случај во општината за која се именуваат членовите на избирачките одбори да нема државни службеници и вработени во јавната администрација за примена на принципите за соодветна и правична етничка и полова застапеност, потребните државни службеници односно вработени во јавната администрација ќе се ангажираат од редот на неангажираните државни службеници и вработените во јавната администрација на соседната односно соседните општини.

Пред да се изврши именувањето, во општините од каде ќе се ангажираат државните службеници и вработените во јавната администрација мора да биде извршено именувањето на избирачките одбори.

Во случај кога во соседната односно соседните општини нема расположив кадар од редот на државните службеници и јавната администрација или нема потребен број од истиот, тогаш тие ќе бидат именувани од општините каде што таков кадар постои.

Во случај кога лице именувано во избирачкиот одбор има оправдани причини да не го прифати именувањето и доколку тоа биде потврдено со решение од надлежната општинска изборна комисија, во составот на избирачкиот одбор ќе се именува лице од резервната листа, водејќи сметка за соодветна и правична етничка и полова застапеност.

Бр. 08-1280/1
27.04 2016
Скопје

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Александар Чичаковски